Совет на Општина Делчево
Број 09-325/2
28.02.2022 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната Шеста седница на
Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 28.02.2022 година (понеделник) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ, втори кат, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево кој за Шестата седница на Советот го предложи следниот

**Дневен ред**

**-Усвојување на Записник од Петта седница**

**на Советот на Општина Делчево**

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2022 година;
   **Образлагач**:Гоце Попов-Претседател на Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Делчево.
2. Предлог-Програма за превенција на детско прстапништво;
   **Образлагач:**Марија Симова-Претседател на Советот за превенција на Советот за превенција на детско претстапништво.
3. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, давателите на јавни услуги, директорот и помошно-техничките лица вработени во ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево
   **Образлагач:** Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.
4. Предлог-Одлука за парична помош по барање на Кикбоксинг клуб „АС" од Делчево;
   **Образлагач**: Ана Ситновска-Димитровска-Советник одговорен сметководител во Општина Делчево.
5. Предлог-Одлука за приоритетен проект: „Набавка и поставување на лед диодни светилки во општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги" финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;
   **Образлагач**: Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР.
6. Полугодишен извештај за работа на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2021/2022
   со Заклучок за усвојување;
   **Образлагач**: Љупчо Прачковски-Директор на СОУ „Методи Митевски Брицо"-Делчево.

7. Полугодишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“Делчево за учебната 2021/2022 година со Заклучок за усвојување;
   **Образлагач:** Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.
8. Предлог-Решение за за именување на претставник на основачот за член во УО на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;
   **Образлагач**: Гоце Попов-Претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, мандатни прашања, избори и именувања.
9. Полугодишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево за учебната 2021/2022 година со Заклучок за усвојување;
   **Образлагач:** Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево“
10. Предлог-Решение за именување на претставник на основачот за член во УО на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево;
    **Образлагач**: Гоце Попов- Претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, мандатни прашања, избори и именувања.
11. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022;
    **Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

За збор се јави Марио Скакарски, претседател на Комисијата за комунални работи и сообраќај кој го информираше претседателот на Советот дека на ден 25.02.2022 година, Комисијата за комунални работи и сообраќај одржала седница на која биле разгледани две точки и тоа: Предлог-Одлука за давање согласност за висината на надоместокот за одржување на паркови и јавно зеленило во општина Делчево и Предлог-Одлука за давање согласност за висината на надоместокот за управување и одржување на градските гробишта во општина Делчево. Точките биле на дневен ред на Петтата седница, но истите биле симнати од дневен ред бидејќи за истите не била одржана Комисија и од тие причини било предложено истите да се симнат од дневен ред, а да бидат ставени на дневен ред откако ќе бидат разгледани на комисија. Претседателот на Комисијата, го информираше претседателот на Советот дека Комисијата ги разгледала точките кои биле образложени од страна на директорот на ЈКП „Брегалница“ и побара да бидат ставени на дневен ред на денешната седница.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ бара истите овие две точки да не бидат ставани на дневен ред на денешната седница од причини што покачувањето на висината на надоместокот за една услуга речиси за повеќе од 50% и воведувањето на нова давачка за граѓаните ќе биде на штета на сите семејства. „Не може само да се донесуваат такви одлуки без притоа да се размили како ќе се одрази тоа на и така ниските стандард на граѓаните и во услови на енормно покачување на цените на речиси сите производи и услуги. Најлесно е да се дигне рака и да се изгласаат одлуките, но што потоа“, рече тој и побара да не се прифати предлогот за дополнување на дневниот ред.

Зекир Абдулов го праша претседателот дали неговиот предлог од минатата (5 седница) за дополнување на Програмата за одбележување на културни манифестации и настани-за прослава на 8 Април меѓународниот ден на Ромите е земен предвид (дали е вметнат во Програмата) или да даде предлог за дополнување на дневниот ред на

денешната седница? Веќе 20 години НВО КХАМ го организира тој настан, но сега бараме и Општината да се вклучи повеќе.Тој исто така праша дали е точна информацијата дека службеник од општинската администрација на своја рака го избришал или укинал од „Систематизацијата“ местото кое било предвидено за вработување на еден Ром и дали тоа може да го направи било кој вработен покрај двете институции – Советот на Општината и Градоначалникот?„ Испаѓа дека ние како советници џабе седиме и дебатираме тука, мрзнеме на овој студ, ако некој на своја рака брише или додава места во систематизацијата (се мисли на Годишниот план за вработување).

Кирил Тренчевски имаше реплика на Иван Гоцевски и рече дека крајно несериозно е тоа што советничката група на ВМРО ДПМНЕ денес е против ставањето на овие две точки на дневен ред кои на негов личен предлог биле симнати од дневен ред бидејќи не биле разгледани на Комисија. Несериозно е бидејќи тие тогаш го поддржале неговиот предлог и точките биле симнати. Во врска со овие точки имало и седница на Комисијата за комунални работи и сообраќај, на седницата присуствувале и членови на Советот од ВМРО ДПМНЕ, но не биле дадени конкретни/алтернативни предлози. Ова е само „гол“ популизам и ништо друго.

Претседателот на Советот се јави за збор и рече денеска пред самата седница до него бил доставен Записник од седница на Комисијата за комунални работи и сообраќај што било услов за симнувањето/ставањето повторно на дневен ред на двете точки од ЈКП „Брегалница“.

Во врска со првото прашање на Зекир Абдулов, тој рече дека неговиот предлог за одбележување на 8 Април ќе се земе предвид во Програмата за одбележување културни манифестации и настани. Во врска со второто прашање кое се однесува на Годишниот план за вработување, тој рече дека одговор на прашањето ќе даде градоначалникот на општината, дали е така или не е точна информацијата.

Контрареплика на Кирил Тренчевски имаше Иван Гоцевски кој рече дека нивниот предлог не е популизам и го праша К.Тренчевски дали како што е напишано во Записникот од 5.седница во дискусијата на К.Тренчевски:„ советничката група на СДСМ секогаш е на страната на граѓаните и нивните права“. Тој рече дека ако е така (дека СДСМ секогаш е на страна на граѓаните и нивните права) членовите во Советот од СДСМ треба да гласаат против овие две одлуки, а не да бараат повторно да се стават на дневен ред.

Кирил Тренчевски рече дека така рекол, но не е во ред бидејќи советникот не го прочитал до крај неговото излагање во врска со предлогот за симнување на точките. Зошто не понудите решение на проблемот, дајте алтернативни предлози.

Претседателот на Советот рече дека веќе советниците дискутираат во врска со точките, а не се ставени на дневен ред. „Дајте да ги ставиме точките на дневен ред и да дебатираме по нив. Зошто се плашиме од дебата? Советот треба да дискутира за се. Ќе ги изнесеме сита факти и ЗА и ПРОТИВ, можеби образлагачот ќе не убеди дека треба да се донесат точките такви какви што се, можеби ние како Совет ќе успееме да дадеме контрааргументи. Кој може да гарантира дека точките ќе поминат освен ние самите, ние ги гласаме. Затоа да не губиме време без потреба, да ги ставиме на дневен ред и потоа да дискутираме“, рече претседателот на Советот,

Иван Гоцевски праша дали ќе има образлагач по точките, односно дали директорот на ЈКП „Брегалница“ ќе биде присутен?

Претседателот на Советот рече дека доколку се прифати предлогот за точките да бидат ставени на дневен ред, од негова страна веднаш ќе биде повикан директорот на ЈКП „Брегалница“-Делчево да ги образложи точките.

Оливера Ташевска рече дека таа како член на Комисијата за комунални работи и сообраќај била присутна на Комисијата но мислела дека ќе има некоја измена во висината на давачките и затоа била против овие две точки.

Дејан Георгиевски брече дека двете точки беа тргнати од дневен ред бидејќи не биле разгледани на Комисија и поради недоволни познавања во врска со претходната висина на давачките. Во петокот била одржана Комисија и имало можност да се дискутира за се, да се даваат конкретни предлози, да се поставуваат прашања до директорот. На самата Комисија немаше никакви предлози за висината на надоместокот, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека не е коректно да се одлагаат точките нема потреба, секкао веќе половина час се дискутира по нив.

Марио Скакарски рече дека тој има конкретен предлог и побара од претседателот неговиот предлог да биде ставен на гласање.

Зекир Абдулов рече дека бидејќи тука е присутен градоначалникот сака одговор на неговото прашање во врска со систематизацијата и работното место за кое дискутирал претходно.

Градоначалникот на Општина Делчево рече дека Правилникот за систематизација може да претрпува измени во секое време во зависност од потребата и се разбира доколку за тие измени добиваме согласност од Министерството за информатичко општество. Инаку,на Совет се разгледува и усвојува Годишниот план за вработување, а не Правилникот за систематизација. Секако дека во систематизацијата ќе се вметне работно место за припадник на ромската заедница. Вие како членови на Совет имате право и мете да барате да ви бидат доставувани дополнителни податоци во врска со точките на дневен ред и тие ќе ви бидат доставени, рече тој

Зекир Абдулов рече дека процесот ќе се одолговлекува доколку се прави нова систематизација и затоа е важно дали местото е избришано од страна на некој или постои во важечкиот правилник за систематизација. Советот е институција и не може никој така неодговорно да се однесува кон него, не може да се игнорираат нашите барања, истакна тој.

Претседателот на Советот истакна дека на седници на Совет се разгледува и усвојува Годишен план за вработување на Општина Делчево, а не систематизација. Донесувањето на Правилникот за систематизација е во надлежност на градоначалникот.

Иван Гоцевски рече дека тој како член на Советот досега многу пати побарал дополнителни податоци за некои прашања (од Секторот за финансии и од ЈКП „Брегалница“), му било ветено дека ќе му биде доставено, сепак се уште не му се доставени.„Ако ние како членови на Совет бараме, а не добиваме ветени одговори и податоци, тогаш навистина не знам како граѓаните би добиле податоци или одговор на

неко барање/прашање. Исто така сакам да истакнам дека пред извесно време на -15 степени јас како член на Советот кој учествува во склучувањрто на брак чекав час и половина да ни отклучи некој од администрацијата за да влеземе во салата. Не ми е јасно како може да се случуваат такви работи, рече И.Гоцевски.

Претседателот на Советот исто така рече дека и тој како претседател има забелешки за работата на општинската администрација. Доколку Советот бара одговори, бара податоци, тоа е обврска на изготвувачите и предлагачите на материјалите и тие мора да се достават на Советот, рече тој.

Сашко Ивановски рече дека полугодишните извештаи на училиштата согласно новата законска регулатива не мора да се доставуваат до Советот, значи не се законска обврска. Треба да се консултирате со советникот за образование и тој да ви каже дека полугодишните извештаи не треба да се разгледуваат на Советот . Исто така тој предложи да се дополни дневниот ред со прашања и предлози, бидејќи намерно или ненамерно за оваа седница ги нема во дневниот ред, а ги немаше и на претхпдната.

Претседателот на Советот ја прифати забелешката за прашања и предлози и рече дека не е намерен пропуст, ќе бидат ставени на дневен ред.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена.

На гласање беше ставен предлогот на Марио Скакарски за дополнување на дневниот ред со двете точки: Предлог-Одлука за давање согласност за висината на надоместокот за одржување на паркови и јавно зеленило во општина Делчево и Предлог-Одлука за давање согласност за висината на надоместокот за управување и одржување на градските гробишта во општина Делчево.

Истиот беше усвоен со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“

На гласање беше ставен дневниот ред со двете точки од ЈКП Брегалница како 12 и 13 точка и со дополнување со уште една 14 точка-Прашања и предлози на членови на Совет.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го усвои следниот

**Дневен ред**

**-Усвојување на Записник од Петта седница**

**на Советот на Општина Делчево**

1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2022 година;
   **Образлагач**:Гоце Попов-Претседател на Комисијата за изработка на Програма за работа на Советот на Општина Делчево.
2. Предлог-Програма за превенција на детско прстапништво;
   **Образлагач:**Марија Симова-Претседател на Советот за превенција на Советот за превенција на детско претстапништво.
3. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, давателите на јавни услуги, директорот и помошно-техничките лица вработени во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

**Образлагач:** Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево.

4. Предлог-Одлука за парична помош по барање на Кикбоксинг клуб „АС“ од Делчево;

   **Образлагач**: Ана Ситновска-Димитровска-Советник одговорен сметководител во Општина Делчево.
5. Предлог-Одлука за приоритетен проект: „Набавка и поставување на лед диодни светилки во општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги“ финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;

   **Образлагач**: Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР.
6. Полугодишен извештај за работа на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за учебната 2021/2022

   со Заклучок за усвојување;

   **Образлагач**: Љупчо Прачковски-Директор на СОУ „Методи Митевски Брицо“-Делчево.

7. Полугодишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“Делчево за учебната 2021/2022 година со Заклучок за усвојување;

   **Образлагач:** Горан Велков-Директор на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.
8. Предлог-Решение за за именување на претставник на основачот за член во УО на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;

   **Образлагач**: Гоце Попов-Претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, мандатни прашања, избори и именувања.
9. Полугодишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево за учебната 2021/2022 година со Заклучок за усвојување;

   **Образлагач:** Горан Димитровски-Директор на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево“
10. Предлог-Решение за именување на претставник на основачот за член во УО на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево;

    **Образлагач**: Гоце Попов- Претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, мандатни прашања, избори и именувања.
11. Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022;

    **Образлагач:** Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.
12. Предлог-Одлука за давање согласност за висината на надоместокот за одржување на паркови и јавно зеленило во општина Делчево;
13. Предлог-Одлука за давање согласност за висината на надоместокот за управување и одржување на градските гробишта во општина Делчево;
14. Прашања и пределози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по Записникот од 5.седница.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а Записникот ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 5.седница.

**Прва точка-Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Делчево за 2022 година;**

Образлагач по оваа точка Гоце Попов-Претседател на Комисијата за изработка на

Програма за работа на Советот на Општина Делчево кој рече дека Програмата ја имаат добиено сите членови на Совет и тој само накусо ќе се задржи на Уводниот дел од неа при што потенцираше дека надлежностите на Единиците на локалната самоуправа, утврдени во Законот за локална самоуправа, Статутот и Деловникот на Советот претставуваат основа за донесување на Програмата за работа на Советот на Општината Делчево за 2022 година. Со цел да обезбеди услови за остварување на надлежностите и извршување на својата функција, како и обезбедување на пристап на сите заинтересирани субјекти, Советот ја програмира својата работа, при тоа на транспарентен начин презентирајќи ги основните насоки по кои ќе се раководи во текот на 2022 година. Програмата во текот на целата година ќе биде отворена за секој нов предлог и истиот ќе биде добродојден, ако тоа значи збогатување и подобрување на нејзиниот квалитетот.

Врз основа на доставените предлози од овластени органи кои се јавуваат како изготвувачи и предлагачи на работен материјал од својата област, секоја година се изготвува Програма за работа на Советот на Општина Делчево. Така е изготвена Програмата за работа на Советот на Општина Делчево за 2022 година. Во текот на годината ќе бидат разгледани и други материјали кои во оваа Програма не се вклучени од кои било причини. Програмата претставува насока за работа на Советот и истата е отворена за теми кои се во надлежност на локалната самоуправа. Но, исто така пред Советот може да бидат разгледани извештаи и информации кои се од важност за граѓаните на подрачјето на општина Делчево, а ги изготвуваат и предлагаат подрачните единици на државни органи. Покрај Уводниот дел, Програмата има и Посебен дел во кој се дадени точките, предлагачите и роковоте во кои ќе бидат разгледани сите тие на седниците на Советот во 2022 година.

Претседателот отвори расправа по оваа точка и за збор се јави Кирил Тренчевски кој рече дека го радува фактот што Програмата не е затворена и може да се дополнува во текот на годината и затоа предложи да седаде поддршка на истата.

Претседателот на Советот рече дека сите ја знаат неговата намера/цел уште од почеток, а тоа е дека сака Советот на општина Делчево да се подигне на едно повисоко ниво како еден вид на контролен механизам на работата на одделенијата и општинската администрација на Општина Делчево По негова консултација со правници му било кажано дека работата на одделенијата и општинската администрација е исклучиво во надлежност на Градоначалникот на Општината, но се разбира дека Советот како еден од органите на Општината може да дава предлози и да бара информации за работи кои се во надлежност на општината и на Градоначалникот и кои се дадени во Законот за локална самоуправа, Статутот и деловникот. Од тие причини имам неколку предлози за дополнување на оваа програма а тоа се: Извештај за реализација на Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево за 2022 година; Извештај за реализација на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локални патишта и улици за 2022; Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година како и Извештај за реализација на надлежностите на градоначалникот согласно член 50 став 1 точка 10 од ЗЛС.

Се разбира дека со овие извештаи кои ќе ни бидат доставувани периодично Советот како орган на Општината има право и треба да знае, да биде во тек со тоа колку

средства се прибрани по основ на комуналии, за што се потрошени, од кои извори се, дали се доволно или не, дали може да се обезбедат повеќе. Колку и кои улици и патишта се направени, колку урбанистички планови се донесени, до каде е постапката, ако некаде има закочување на работите, да се види која е причината (не мислам дека проблемот е секогаш во Општинската администрација можеби е во некое мкнистерство,  дали може да се рагира, да се помогне). Значи со еден збор и една цел, да ја подобриме работата и на Советот и на Општина, а се во интерес на граѓаните кои не избрале за тоа, рече претседателот на Советот.

Иван Гоцевски рече дека е добро што програмата е отворена и може да се дополнува. Тој спомна дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ пред извесно време доставила многу предлози од кои многу до нив биле издржани и биел во интерес на граѓаните, но сите биле одбиени од технички причини што не е во ред. Тој рече добро би било да не се одбиваат нивните предлози во старт туку да има можност ако има пропусти да се направат корекции да се доработат.

Претседателот на Советот рече дека се согласува со дискусијата на Иван, но предлозите мора да се доставуваат навреме за да има време прво да стигнат до кој треба, да има време да се разгледаат, ако има пропусти да се направат корекции и да се изработат соодветни ослуки, програми и др.акти. „Не може во петек во 15.30 да се достават 40 предлози, сабота и недела се неработни, а да бидат на седница на Совет која е закажана пред 7 дена во понеделник. Значи не е сериозно, мора сите да бидеме посериозни во својата работа“, истакна претседателот на Советот.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а Програмата за работа на Советот за 2022 година со предлозите за дополнување и забелешката од Иван Гоцевски беа ставени на гласање.

Истата беше усвоена со 15 гласа „ЗА“.

Втора точка-Предлог-Програма за превенција на детско прстапништво;

Образлагач по оваа точка беше Марија Симова-Претседател на Советот за превенција на Советот за превенција на детско претстапништво која рече дека оваа програма произлегува врз основа на член 159 од Законот за правда за децата објавен во и врз основа на член 5 став 1 алинеја 1 од Одлуката за формирање Општински совет за превенција на детско престапништво во Општина Делчево објавена во Службен гласник на Општина Делчево број 6 од 28.05.2021 година. Обично, детското престапништво следи траекторија слична на онаа на нормалниот развој на адолесценцијата. Со други зборови, децата и младите имаат тенденција да следат пат кон деликвентно и престапничко однесување. Истражувањата покажуваат дека постојат два вида на детски престапници, оние кај кои започнува сериозното антисоцијално однесување во раното детство и оние кај кои овој почеток се совпаѓа со влегувањето во адолесценција. Во секој случај, овие развојни патеки им даваат можност на семејствата, заедниците и системите да интервенираат и да спречат појава на антисоцијални однесувања и вклученост на правосудниот систем. Таа истакна дека раната интервенција спречува појавата на деликвентно однесување и го поддржува развојот на средствата и отпорноста на младите. Додека многу минати пристапи се фокусираат на санирање на видното или долгогодишно нарушување на однесувањето, истражувањето покажа дека превенцијата и раната интервенција се поефикасни. Во суштина, интервенирањето рано „не само што

ги спасува младите животи од залудно да се потрошени“, туку исто така го спречува почетокот на криминални кариери и ја намалува веројатноста младите да станат сериозни и насилни сторители. Токму поради ова во Општина Делчево е формиран совет за превенција на детско престапништво, како алатка која што ќе претставува систем на политики, мерки но и превземени активности со чија помош се спречуваат и надминуваат престапничките ризици кај младите. Со програмата општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Делчево се стреми кон намалување на претстапничките појави и однесувања кај децата односно младите лица и нивна правилна инклузија во секојдневието на општината. Во продолжение таа зборуваше за општите цели и активностите на оваа Програма, како и улогата на Советот, Градоначалникот и локалната самоуправа при реализирање на Програма за превенција на детското престапништво.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сања Николовска која рече дека Програмата е премногу општа, исто така целите и активностите се премногу општо формулирани и од тие причини не може да се одреди процентот на реализација. Програмата нема временска рамка, нема ризик фактори, нема финансиска конструкција. Терминот „малолетничка деликвенција“ не е соодветен од тие причини бил променет и законот истакна таа. Истата програма треба да има посебни потпрограми. Во продолжение зборуваше за видови на превенција:универзална, селективна и индивидуална и потенцираше дека таа тема е многу комплексна и широка и мора кон неа да се има посериозен пристап бидејќи зависи од многу фактори, а пред се семејството, наставниците, училиштето. За крај таа истакна дека воспитувањето на децата започнува уште пред нивното раѓање и рече дека би било добро следната програма да ги земе предвид сите забелешки.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување Програмата за превенција на детско прстапништво.

**Трета точка-Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, давателите на јавни услуги, директорот и помошно-техничките лица вработени во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Билјана Симовска-Директор на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево која рече дека се утврдува вредност на бод за пресметување на платите на платите на административните службеници, давателите на јавни услиги, директорот и помошно-технички лица вработени во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево. Вредноста е утврдена врз основа на потпишана Спогодба со Министерството за труд и социјална политика и вредноста е 81,6 денари.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на административните службеници, давателите на јавни услуги, директорот и помошно-техничките лица вработени во ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево

**Четврта точка-Предлог-Одлука за парична помош по барање на Кикбоксинг клуб**

**„АС“ од Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Ана Ситновска-Димитровска-Советник одговорен сметководител во Општина Делчево која рече до Општина Делчево е доставено барање за доделување на парична помош на Кикбоксинг клубот АС од Делчево и е опреден износ од 10.000 денари. Средствата ќе бидат наменети за покривање на трошоци за учество на Државното првенство за сите возрасти и категории во Скопје. Истите биле веќе на првенството и освоиле 3 медали, 2 бронзени и 1 сребрен медал.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека 10.000 денари се малку според него и дека има и други спортски клубови кои постигнуваат резултати и треба да бидат поддржани финансиски.

Претседателот на Советот рече дека во самото Барање е напишана сумата од 10.000 денари и затоа е изготвена и Одлука на таа сума. Ова сега е како мнаграда за освоените медали. Инаку, спортските клубови треба да се пријават на Повик објавен од страна на Општина Делчево согласно Правилникот донесен од страна на Советот во претходниот мандат.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за парична помош по барање на Кикбоксинг клуб „АС“ од Делчево.

**Петта точка-Предлог-Одлука за приоритетен проект: „Набавка и поставување на лед диодни светилки во општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги“ финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност;**

Образлагач по точката беше Тони Стоименовски-Советник за поддршка на ЛЕР кој рече дека со оваа одлука се дава поддршка и согласност на општина Делчево за средства обезбедени во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност да се наменат и искористат за проектот „Набавка и поставување на лед диодни светилки“.Проектот „„Набавка и поставување на лед диодни светилки“, општина Делчево ќе се имплементира преку Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со грант од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност во рамки на Министерството за финансии. Износот на Грантот за успешност е во зависност од вредноста на успешно реализираните под-заеми за имплементација на проектот: „Подобрување на јавните општински услуги во општина Делчево-“,-Изградба на станбена улица бр.3 од СТ.0+237.00 ДО СТ. 0+606.33“-MSIP2-NCB-036-21 кој е во висина од 7,493,900 , 60 мкд од кои 5.266.748 мкд се средства од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка),а остатокот од буџетот на општина Делчево. Вкупната проектна вредност на проектот е 1422021.90 со вклучен ДДВ, Грант средства кои се обезбедени од Компонента В: Грантови за успешност се во висина од 1.422.022мкд.

Претседателот отворир расправа по точката и за збор се јави Оливера Ташевска која праша во кои села ќе бидат поставени светилките?

Тони Стоименовски рече дека о овој проект ќе бидат поставени лед светилки во Стар и Нов Истевник, Бигла, Полето, Драмче, како и во Делчево во Стар Расадник и Таушанско маало.

Иван Гоцевски рече дека во Димовско маало има потреба од поставување на лед светилки, а Тони Стоименовски рече дека се предвидуваат токму за таму.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со15 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за приоритетен проект: „Набавка и поставување на лед диодни светилки во општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги" финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка), Компонента В: Грантови за успешност.

**Шеста точка-Полугодишен извештај за работа на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2021/2022 со Заклучок за усвојување;**

Во отсуство на директорот Љупчо Прачковски точката ја образложи помошник директорот Роза Стаменковска која рече дека овој извештај ја отсликува работата на СОУ „М.М.Брицо". таа истакна дека имало успешен старт на првото мполугодие кое започнало со двосмеснко работење, а сега е едносменско. На почетокот на учебната година во гимназијата се запишани 413 ученици или 20 повеќе од претходната година. Помочник дирекорката истакна дека тоа можеби не е некоја голема бројка, но имајчи ги предвид претходните 10-тина години, сепак е успех кој ги радува вработените во гимназијата. Само во прва година оваа година во стручните паралелки има 37 ученици исто колку вкупно во втора, трета и четврта. Од нив 21 во хемиско-технолошката струка за кои е обезбедена стипендија од МОН во износ од 3,500 денари по ученик и 16 во текстлно-кожарска струка кои ги стипендираат општествено одговорни фирми од општината. Средниот усепех на училиштето е 3,86.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по точката беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за работа на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево за учебната 2021/2022.

**Седма точка-Полугодишен извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке"Делчево за учебната 2021/2022 година со Заклучок за усвојување;**

Оваа точка ја образложи Маријана Стоименовска-помошник на директорот на ООУ „Ванчо Прке"-Делчево која рече дека оваа година училиштето ја започнало учебната година навреме и согласно сите протоколи и препораки против КОВИД 19 со едносменско работење од 08:00 часот до 13:35. Запишани биле 501 ученик од кои 477 во ЦОУ и 24 во ПОУ во Ѕвегор и Габрово. Во продолжение М.Стоименовска зборуваше за реализираните активности и проекти, како и за тековните и ги запозна советниците со ангажирањето на еден личен и еден образовен асистент за потребите на учениците, како и на добрата соработка со гимназијата, ООУ „Св.Климент Охридски" и детската градинка „Весели Цветови". Исто така таа ја потенцираше соработката со Општина Делчево, како и со Советот на млади со кои реализирале заедничка активност по повод новогодишните и божикните празници.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи њикој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“, 5 „ПРОТИВ“ и еден член на Советот што не гласал, Советот на општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на ООУ „Ванчо Прке“Делчево за учебната 2021/2022 година.

**Осма точка-Предлог-Решение за за именување на претставник на основачот за член во УО на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево;**

Оваа точка ја образложи Гоце Попов-Претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, мандатни прашања, избори и именувања кој рече дека за претставник на основачот за член во УО на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево се предлага Мерема Мемедова од Делчево.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе

Решението за именување претставник на основачот за член во УО на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

**Деветта точка-Полугодишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево за учебната 2021/2022 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач на точката во отсуство на директорот, беше Влатко Атанасовски помошник-директор на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево“ кој истакна дека извештајот ги содржи сите податоци за училиштетео:лична карта, општи податоци, структура, Мисија и Визија, наставен план, наставни програми, реализација на настава, оценување, воннаставни активности, број на ученици, број на изостаноци, успех и др. Бројот на учениците и бројот на изостаноците во однос на ланската година се намалени. Средниот успех на училиштето е 4,17. Добиена е согласност за реконструкција на поткровјето на училиштето, а доколку ве интересира нешто посебно или имате прашања, повелете, рече помошник - директорот.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Полугодишниот извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево за учебната 2021/2022 година.

**Десетта точка-Предлог-Решение за именување на претставник на основачот за член во УО на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево;**

Образлагач и по оваа точка беше Гоце Попов- Претседател на Комисијата за прашањата на верификацијата, мандатни прашања, избори и именувања кој рече дека за претставник на основачот во УО на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево се именува Снежана Трајкова.

Беше отворена расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 6 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе

Решението за именување претставник на основачот за член во УО на ООУ „Св.Климент Охирдски“-Делчево.

Единаесетта точка-Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022;

Образлагач по точката беше Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност кој рече дека со оваа Предлог-Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022 се дополнува Програмата донесена од страна на Советот година бр. 09-2544/1 од 28.12.2021 година . Имено, во поглавјето ,, Урбанистички планови за град Делчево“ по точката 17 се додава нова точка 18 која гласи: „Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план- за намена Б5.1 хотелски комплекс на дел од К.П.бр 2097, К.П.бр.2098, К.П. бр. 2105, 2106 и дел од К.П.бр.2107/2 КО Делчево-Општина Делчево.Овој локалитет опфаќа цела или е дел од К.П. бр. од К.П.бр 2097, К.П.бр.2098,К.П. бр. 2105, 2106 и дел од К.П.бр.2107/2 КО Делчево-Општина Делчево. Станува збор за иницијатива за приватна инвестиција доставена до нас, разгледана од страна на Комисијата за урбанизам која ја одобри и ја доставува до Советот. Намената е изградба на хотелски комплекс, хотел со спа.

Претседателот отвори расправа по точката и бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2022.

Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност за висината на надоместокот за одржување на паркови и јавно зеленило во општина Делчево;

Точката ја образложи Стојче Стојковски директор на ЈКП „Брегалница“ Делчево кој рече дека дека согласно Законот за Комунални дејности, ЈКП „Брегалница“ Делчево е основано за давање на комунални услуги на правните и физичките лица во Општина Делчево. Во член 4 став 1 точка 4 е наведено дека: "Давател на комунална услуга" е јавно претпријатие основано од општината, општините во градот Скопје и градот Скопје и Владата на Република Македонија или правно и физичко лице кое поседува дозвола за вршење на комунална дејност. Во точка 5 од истиот член стои "Корисник на комунална услуга" е правно и физичко лице кое ги користи услугите на давателот на услугата, чии права и обврски се регулираат со меѓусебно склучен договор. Меѓу другите дејности кои се во надлежност на ЈП е и одржување на паркови и зеленило која дејност е предвидена во член 5 став 1 т 9 од ЗКД. Во член 14 од ЗКД е кажано дека ,,Комуналните услуги се делат на услуги за задоволување на индивидуалната потрошувачка и услуги за задоволување на заедничката потрошувачка.„ и во ставот 3 од истиот член е навдено дека одржувањето на парковите и зеленилото спаѓа во категоријата на „услуги за задоволување на заедничката потрошувачка“. Оваа дејност е посебно регулирана со Законот за урбано зеленило каде се дадени поимите и типовите на зеленило, начинот на подигање, одржување како и кој ги поднесува трошоците за подигање а кој за одржување на истото. Член 8 од ЗУЗ вели (1) Јавно зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, со основна намена да бидат урбано зеленило, а се под

надлежност на општината, општината во градот Скопје и градот Скопје и (2) Јавното зеленило е добро за општа употреба. Одржувањето на зеленилото се врши во согласност со закон и согласно член 27 од истиот во интензивно одржувано зеленило спаѓаат: - паркови, - зелени плоштади, - зелени површини на детски игралишта, - здравствени и јавни објекти, - објекти на културата и образованието, - спортски терени, - ботанички градини, - зоолошки градини, - зеленило на гробишта и - зеленило на други јавни отворени простори. Интензивното одржување подразбира: редовно прихранување; редовно косење; кастрење жива ограда и ползавци, во склад со естетските и функционалните барања на видливоста и безбедното одвивање на сообраќајот; нега на дрворедните садници во однос на наводнување, дренажа и кастрење на крошните, како и санитарна сеча во насока на заштита на дрвата; обновување на растителниот материјал што е исушен или уништен, - редовно собирање на искосената трева, искастрените гранки и отпадот од зелените површини; одржување на градинарско-архитектонски елементи; одржување на инфраструктурни објекти и инсталации во функција на одржување на зеленилото; заштита на растителниот материјал од штетници, пожари, снег, ниски или високи температури и други елементарни непогоди, - санитарна сеча и др. Работите кои ги извршува ЈП во поглед на давање на услугата за одржување на паркови и зеленило спаѓа во категоријата интензивно одржување.Во програмата на ЈКП за 2022 година исто така стои дека покрај горенаведените активности за подигање на нови и доуредување на постојни јавни површини и паркови ЈКП „Брегалница" Делчево врши редовно-тековно одржување на градското зеленило и на градските паркови кое ги опфаќа следните работи: машинско косење на трева; рачно косење на трева; гребулење, собирање и изнесување на тревата со количка; кастрење, утовар и изнесување на гранки и лисја од дрва и грмушки; сечење на плевел по патеки и ивици на тротоари; полевање (рачно и со распрскувачи) на тревни површини и жардинерии; окопување на украсни дрвца, грмушки и прашење на ружи; сечење на суви дрва и врби; кроење на зимзелени и цветни грмушки и алпиниуми; садење на сезонско цвеќе; засејување на трева; прихранување на тревни површини со ѓубрива; поправка и фарбање на парковски клупи и реквизити во паркови и игралишта.
Вкупни површини и градско зеленило и паркови кои редовно ги одржува ЈКП„Брегалница"-Делчево ги има во оваа програма која ја донесовте вие на минатата седница и е во вкупна површина од 66.320m2.

Во поглед на финансирањето на јавното зеленило во член 38 став (1) стои дека средствата за подигање и реконструкција на јавното зеленило на подрачјето на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, предвидени со закон, се обезбедуваат од приходите од надоместокот за уредување на градежно земјиште од делот за заедничката комунална потрошувачка, во минимален износ од 2,5%. Ова се однесува на нови и реконструкции на зелените површини а додека во член 39 од истиот закон е кажано дека: Средствата за одржување и заштита на јавното зеленило на подрачјето на општината, општините во градот Скопје и градот Скопје, предвидени со овој закон, се обезбедуваат од: 1) надоместок за индивидуална комунална потрошувачка во согласност со Законот за комунални дејности што значи од правните и физичките лица во општината , како и од 2) други извори. Што се однесува до трошоците кои ги има ЈКП во поглед на оваа дејност, во нив влегуваат следните:
1.Трошоците за наводнување на сите паркови кои ги одржува ЈКП вклучително и градскиот стадион не се вкалкулирани во вкупните трошоци за одржување;

2.Трошоци за плати на вработените (4 вработени + 1/3 за  раководител на Сектор) во износ од 1.404.000 денари;
3.Потрошени средства за набавка на основни средства, алати и опрема (косачка со седиште, косачки самоодни и други, тримери,  339.137 денари кои се во употреба);
4.Трошоци за цвеќиња кои се набавуваат на тендер  околу 100.000 денари на годишно ниво
5.Трошоци за средства за заштита, ѓубрива, семенски материјал (ако се посебно изразени во 2021 се  22.100 денари);
6.Трошоци за електрична енергија за затоплување на стаклениците во кои се прозиведува сопствено производство околу 15.000 денари за сезона;
7.Амортизација на косачки и тримерки  - 105 264 денари;
8.Други трошоци (канцелариски материјали, трошоци за администрација, телефон, систематски прегледи на вработени, ХТЗ опрема од 182.970 денари)
9.Горива и уље -73.000 денари
Или вкупно расходи од  2.175.771 денари.

Во врска со приходите за горенаведените расходи, директорот истакна дека редовно ги подмирува своите обврски единствено ЕЛС Делчево, чијшто износ за 2021 година изнесува 628.313 денари.
На крајот тој истакна дека ЈКП бара да биде почитуван Законот и да се донесе одлука како што ја усвоил Управниот одбор на ЈКП за нормално одвивање на работата и давање на услугите, бидејќи во спротивно ќе биде доведено во прашање нормалното одвивање на овие дејности што ќе предизвика нивно редуцирање во обем и количините на реализација , кое нешто ниту  ЈП ниту пак граѓаните го посакуваат.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Сања Николовска која рече дека моментот воопшто не е погоден за оваа обврска која што се воведува за граѓаните бидејќи ЈКП Брегалница зquestionable воведува  нова такса за одржување на паркови и јавно зеленило во износ од 40 денари (без ДДВ) и покачување на надоместокот за услугата одржување на градските гробишта во износ од 50 денари месечно или 600 денари годишно.Земајќи го во предвид покачувањето на трошоците за живот на граѓаните, меѓу кои спаѓаат: цената на електричната енергија, цената на основните прехранбени производи, услугите од други субјекти (угостителски објекти, такси компании итн.), како и релативно високата стапка на невработеност и сиромаштија во Општина Делчево.Таа истакна дека категорично против усвојувањето на оваа предлог одлука и апелираше до директорот јавно да излезе на медиумите и да ги извести граѓаните дека воведува нова такса и ја покачува таксата за одржување нас градските гробишта.

Иван Гоцевски истакна дека моментот навистина не е поволен без разлика на што се однесува покачувањето или воведувањето на нова такса за граѓаните и рече дека многу брзо граѓаните ќе се соочат со покачување на цената на многу услуги и производи. Евидентно е дека ЈКП Брегалница има поголеми трошоци отколку приходи. Можеби треба да се направи кратење на некои непродуктивни трошоци, а не веднаш да се покачува цената на услугите или да се воведува нова давачка. Дали имате направен пресметка колку средства се потребни вкупно за да може нормално да функционира претпријатието и да го исполните планот за работа, праша тој?

Кирил Тренчевски рече дека можеби сумата од 40 денари не е во ред, тогаш дајте предлог. Не е во ред услуга која ја користат сите граѓани, а да ја плаќа со години

Општината чија мсетка е блорирана. Друго, наплатата на приходи од услугите што ги дава ЈКП „Брегалница" никогаш не е 100%, предложете алтернативно решение, а не да дискутирате само популистички.

Реплика на дискусијата на К.Тренчевски имаше Иван Гоцевски кој рече дека популизам беше негоата дискусија на претходна седница и неговиот предлог и симнувањето на точките од дневен ред и сега повторното ставање на дневен ред и бранење на истите. Сметам дека ако се редуцираат трошоците за некои работи не мора да има покачување на цената на оваа услуга, еве конкретно бидејќи барате, за цвеќиња наместо 100.000 нека бидат 50.000, за други трошоци (канцелариски материјали, трошоци за администрација, телефон, систематски прегледи на вработени, ХТЗ опрема од 182.970 денари) многу се 182.970, нека се помалце,. Исто така може да има намалување и кај средствата за амортизација. Имате многу загуба на вода, поправете водоводни цевки, чешми, фонтани, намалете ја загубата на вода, зголемете го процентот на наплата. Реално има простор, не мора веднаш покачување на цената, рече тој. Ако веќе е определена сумата од 40 денари треба да се образложи зошто токму 40, дали не може помалце.

Контрареплика имаше К.Тренчевски кој рече дека трошоците за амортизација на машините не се 2% туку 25% и наплатата никогаш не е 100%.

Сашко Ивановски рече дека според тоа што го кажал директорот трошоците за плати на вработените (4 вработени + 1/3 за раководител на Сектор) се во износ од 1.404.000 денари што е 80% од вкупните трошоци, навистина е многу, а станува збор за луѓе кои одржуваат паркови и зеленило. Тоа е работа која не се врши во текот на цела година или 12 месеци, реално 4-5 месеци. Сметам дека тука треба да се преполоват овие средства, исто така и цвеќиња не мора толку средства, не мора за обуки, телефони и др.непродуктивни трошоци. Очигледно има многу аномалии и пропусти во работата на претпријатието и тие треба да се надминат, а не да се покачуваат цените на услугите.

Реплика на С.Ивановски имаше К.Тренчевски кој рече дека според тоа што го кажува Сашко Ивановски луѓето кои ја работат таа работа треба да бидат сезонски ангажирани или со договор и праша дали наставниците кога не се на работа земаат плата?

Сашко Ивановски рече дека очигледно не се разбрале добро, сакам да кажам дека зголемувањето на минималната плата не е висока сума за зголемување на ставката на платата, станува збор за 4 вработени и сметам дека тие 40 денари се префорсирани. Можеби треба скалесто покачување кое ќе биде постепено, 10 денари оваа година, 20 наредната и така, рече С.Ивановски.

Претседателот на Советот рече дека секоја услуга секаде во светот се плаќа, не е важно која услуга е. Во нашиот случај оваа услуга досега ја плаќаше општината и според мене беше погрешно од причини што од општинскиот буџет се одливаше значителна сума за нешто што не треба и никаде не е обврска да ја плаќа општината туку корисниците на услугата, а тоа се граѓаните. Ако сакам уредени и зелени површини, цвеќиња и паркови мора да плаќаме за таа услуга. Е сега, износот од 40 денари без ДДВ е дискутабилен, може да се дебатира, дали постои можност да се намали сумата или покачувањето да е скалесто? Дали може да се детектираат семејства од ранливи категории и да бидат ослободени, тоа се прашања за кои можеби треба да се размисли. Еве сакам да го прашам директорот дали има податок колку чинека таа услуга 2016, 2017, 2018, 2019, 2020 и колку е цената за уредување и наводнување на 1м2 површина? Факт е дека сите цени се покачија и нормално трошоците се зголемуваат. Инаку убаво е кога Делчево е

уредено, зелено, но сето тоа чини и треба да се плати. На крајот сакам до директорот да предложам да не се наводнуваат површините со вода од водоводната мрежа. Да се размисли за бушотини и хидрофорни пумпи, барем за Градскиот стадион, рече претседателот на Советот.

Директорот истакна дека сите податоци за трошоците се извадени од заклучен лист и не се од „ракав". Трошоците се планирани онака како што има потреба, во врска со платата на вработените во овој сектор тој истакна дека платата не може да се исплати плата од друг сектор. Што се однесува до забелешката дека тие лица работат само 4-5 месеци, директорот рече не е така, имаат работа преку цела година, расад, подготовка на површинни. Имаше предлози за кратење на наекои трошоци, да, ама не може секаде да се крати. На пример лани за цевќиња  беа планирани 100.000 но се покажа дека не беа доволни

Иван Гоцевски се јави за збор и рече дека имајќи предвид сите дискусии заклучок е дека од другата страна нема расположение за договор и затоа советничката група на ВМРО ДПМНЕ нема да учествува во гласањето на овие 2 точки и ќе ја напуштат седницата.

Потоа сите 6 членови на Совет од ВМРО ДПМНЕ ја напуштија седницата.

Претседателот на Советот рече дека не е во ред таквото однесување, требаше советниците да останат до крај бидејќи каков ќе биде исходот од гласањето може да се види дури по завршувањето на гласањето.

За збор се јави градоначалникот кој истакна дека таканаречената нова давачка е можеби нова за нашите граѓани, но не и за другите граѓани. Не се воведува нова давачка, ја имаше и досега, но ја плаќаше општината. Изминативе години некако наоѓавме начини за плаќање, но веќе не може Општината да ја плаќа. Услугите што ги дава ЈКП, а ги користат граѓаните треба да ги плаќаат граѓаните, така е предвидено и во законот.  Што се однесува за тоа дали е поволен периодот, за покачување никогаш не е поволен, рече тој, ама законодавецот предвидел кој е корисник на таа услуга и кој има обврска да ја плаќа таа услуга. Таа дејност така се финансира и тоа е. Наша интенција е ЈКП да работи рентабилно.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 1 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за давање согласност за  висината на надоместокот за одржување на паркови и јавно зеленило во општина Делчево.

<u>Тринаесетта точка-Предлог-Одлука за давање согласност за висината на надоместокот за  управување и одржување на градските гробишта во општина Делчево;</u>

Образлагач и по оваа точка беше Стојче Стојковски истакна дека Одлуката за висината на надоместокот за одржување на градски гробишта е донесена далечната 2011 година и изнесува 240 денари на годишно ниво односно 20 денари на сметката за секој месец. Со оглед на тоа дека во изминатите единаесет години сите трошоци се зголемено повеќекратно, почнувајќи од минималната плата која од 9,000 денари сега ќе биде веќе 18.000 денари и сите материјали потребни за одржување на гробиштата и придружните објекти се неколкукратно зголемени, Управниот одбор донесе одлука за промена на

висината на надоместокот како во предложената одлука. Поради тоа бараме Советот на Општина Делчево да ја потврди одлуката на Управниот одбор на ЈКП Брегалница Делчево за корекција на цената и истата да изнесува 50 денари на месечно ниво или 600 денари на годишно ниво. Цената споредбено со другите општини е сепак една од најниските во окружувањето и сметам дека е издржано барањето и треба да биде усвоено. За споредба цените во соседните општини се следниве: Берово 70 ден., М.Каменица 60 ден., Виница 110 ден., Кочани 50 ден. од гробно место, Штип 42 ден., Радовиш 90 ден., Пробиштип 130 ден.

Претседателот отвори расправа по точката и рече дека за него можеби не толку важна сумата за оваа услуга туку што се спаѓа во таа услуга,. Дали освен одржувањето на христијанските градски гробишта ЈКП ги одржува и муслиманските гробишта,кои работи праша тој.

Директорот рече дека тука спаѓа одржување на постоечката инфраструктура (огради, објекти, чешми, канти за отпад, контејнери), уредување на патеки, уредување и бетонирање на гробни места, поплочување со бехатон на патеки, косење на трева, кастрење на дрва и гранки, одржување на паркинг места и улично осветлување. Постојано се вработени 2 лица кои се таму, на градските гробишта.

Зекир Абдулов рече дека муслиманските гробишта се чистат преку акции два-три пати годишно организирани преку ИВЗ. Акциите се на доброволна база кои финансиски се помагаат од иселеници од Делчево во странство. Инаку муслиманските и христијанските обичаи се многу различни. Треба да се разговара со заедницата, рече тој.

Градоначалникот рече дека муслиманските гробишта не ги одржува ЈКП туку вработени преку проектот Општинско корисна работа ( ОКР), за што е склучен Договор со ИВЗ. Моја замисла и цел како градоначалник е во наредниот период да иградиме и градска капела за граѓаните од муслиманска вероисповед. Што се однесува до христијанските гробишта тој рече дека извршена е експропријација за уште гробни места, рече градоначалникот.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 7 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлука за давање согласност за висината на надоместокот за управување и одржување на градските гробишта во општина Делчево.

Четиринаесетта Прашања и предлози на членови на Совет.

Сања Николовска го праша директорот во врска со Програмата за работа на ЈКП „Брегалница“ за 2022 година, во врска со ставката за други трошоци (500.000) денари. Како се дошло до таа бројка, да се достави поединечно за сите трошоци (репрезентации, советувања, членарина, службени патувања, надоместоци за управен одбор, спонзорства, трошоци за платен промет, данок на имот).

Директорот рече дека ќе достави до советничката писмен одговор.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 6.седница на Советот заврши со работа во 16:50 часот.

Записникот го водела

Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

Претседател,

Гоце Попов